Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-2864/3
Дата: 16.09.2010

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : Кабинет на министерот
Министер, Др. Нецати Јакупи
- Тука

Предмет: Достава на извештај

Почитуван,

Во прилог Ви го доставуваме извештајот на комисијата и образецот од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина за Проектот: "Жичарница Скопје – Водно" на инвеститорот Министерство за транспорт и врски, изготвени од Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: "Жичарница Скопје - Водно".

Со почит,

Зоран Бошев
Раководител на одделение за оцена на влијанието врз животната средина

Прилог:

- Извештајот на комисијата;
- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Жичарница во Скопје - Водно"

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр.
Дата:

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Тоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : Кабинет на министерот
Министер, Др. Нејати Јакупи
- Тука

Предмет: Заклучок на Извештај за соодветност на Студијата

Почитувани,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07, 159/08 и 83/09) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/06), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Жичарница Скопје – Водно", на ден 15.04.2010 година изготви

ИЗВЕШТАЈ

за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот - "Жичарница Скопје – Водно"

1. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина, врз основа на Студијата за оценка на влијанијата врз животната средина на проектот: "Жичарница Скопје – Водно", изработена од "ТЕХНОЛАБ" ДОО од Скопје, со одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина М-р Магдалена Трајковска Трпевска за потребите на инвеститорот Министерство за транспорт и врски, оцени дека со трасата на проектот инвеститорот предвидува изградбата на жичарницата да се изврши во две фази. Во првата фаза ќе биде реализиран потегот од Средно Водно до врвот на Водно-

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Тоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Милениумски Крст, а додека во втората фаза ќе биде изграден останатиот дел, односно од потегот од црквата Св.Јован до Средно Водно. Трасата на жичарницата е представена со три секции и тоа:

- Секција 1: Средно Водно – Милениумски Крст
- Секција 2: Институт за белодробни заболувања кај деца, Козле – средно Водно
- Секција 3: црквата Св. Јован – Институт за белодробни заболувања кај деца, Козле.

Вкупната должина на трасата изнесува 3450m, опфат на градба 10,05 хектари, а вкупната површина за градба изнесува 5,11 хектари, додека останатиот дел представува заштитен простор. Капацитет на кабината е 8 патници, со време за качување од приближно 10min.

Во Студијата за ОВЖС за проектот "Жичарница Скопје – Водно" разгледувани се три варијантни решенија во однос на почетната станица на жичарницата, тоа се локациите кај хотелот Александар Палас, трговски центар Рамстор и избраната локација кај паркингот на црквата Св. Јован.

Анализата на веројатните влијанија извршена е во фаза на изградба и во фазата на работа на жичарницата врз медиумите на животната средина и тоа: воздухот, површинските и подземните води, влијание врз почвата, влијанија предизвикани од управувањето со отпад, влијанија од бучава, влијанија врз песажот, археолошкото и културно-историското наследство, општа социо - економска состојба, влијанијата врз екосистемите, флора и фауна. Во Студијата за ОВЖС предложени се и мерки за намалување на влијанието на проектот врз животната средина.

2. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: "Жичарница Скопје – Водно", му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде Решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот: "Жичарница Скопје – Водно", во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на штетните влијанија врз животната средина и природата.

[redacted]

Комисија:

1. Зоран Бошев _____
2. Билјана Спироска _____
3. Васил Атанасовски _____
4. Илбер Мирта _____
5. Валериј Пенев _____
6. Фатос Балиу _____
7. Јадранка Иванова _____

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Прилог:

- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Жичарница Скопје – Водно".